Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 116 став 1 алинеја 11 и член 191 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден __.01.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца од ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес што паѓа на товар на родителите

1. Со оваа Одлука се утврдува износот на надоместокот на трошоците за престој на деца од ОЈУДГ „Димче Мирчев” – Велес што паѓа на товар на родителите, согласно Предлог-Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите со бр.02-40/3 од 21.01.2026 година, донесена од Управниот одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес.

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

На ден 22.01.2026 година, од страна на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес до Советот на Општина Велес, доставена е Предлог - Одлука со бр.09-363/1 за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите со бр.02-40/3 од 21.01.2026 година, донесена од Управниот одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес .

Согласно член 191 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25): „Цените на услугите што ги дава јавната установа за деца основана од општината и градот Скопје, односно од општината и општината во градот Скопје и износот на надоместок на трошоците за престој во јавната установа за деца што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги, ги утврдува советот на основачот на предлог на управниот одбор на јавната установа за деца“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот.

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" - Велес
Бр. 02-41/1
22.01. 2026 год.
Велес

ОЈУДГ "Димче Мирчев"
Велес

До

Претседателот на Совет на Општина Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: | 22-01- 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: | Бр. | Прилог | Вред. |
| 09- | 363/2 | 1 | |

**Предмет:Барање на согласност на Предлог – Одлуката донесена од страна на Управниот одбор.**

Почитувани,

Во прилог на овој допис, Ви ги доставуваме Предлог- Одлука на Управниот одбор на ОЈУДГ„Димче Мирчев"- Велес за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите, на која одлука во согласност со Законот за заштита на децата, потребно е Советот на Општина Велес да даде согласност.

**ВО ПРИЛОГ: Предлог- Одлука на Управниот одбор за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите.**

Ви благодариме.

ВД ДИРЕКТОР

Наташа Јанушева

22.01.2026 година

Велес

Р[...]а Северна Македонија
О[...]ска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-40/3
21.01.2026 год.
Велес

Врз основа на член 116 став1 алинеа 11 и член 191 став 2 од Закон за заштита на деца (Сл. Весник на РМ бр. 23/2013; 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016; 163/2017; 21/2018; 198/2018; 104/2019; 146/2019; 275/2019; 311/2020; 294/2021; 150/2022; 236/2022; 236/2022; 17/2025 и 132/2025) и член 25 од Статутот на Општинска Јавна установа за деца – детска градинка ,,Димче Мирчев" – Велес, Управниот одбор на седницата одржана на ден 21.01.2026 година донесе:

**Предлог - Одлука**

**за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите**

1. Со оваа одлука се утврдува износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите и истиот изнесува **1.990,00** денари месечно за програма за целодневен престој со тоа што пропорционално ќе се смета соодносот и со останатите програми за престој;
2. Износот од точка 1 на оваа Одлука ќе се усогласува еднаш годишно, според индексот на трошоците на живот и просечно исплатената плата на сите вработени во Република С. Македонија и ќе се усвојува на Совет на Општина Велес;
3. По донесување на Предлог Одлуката од Управниот одбор на установата, истата да се достави до Совет на Општина Велес за усвојување на истата;
4. Во рок од 15 дена од усвојувањето на Предлог Одлуката од Советот на Општина Велес, Управниот одбор ќе донесе Правилник со кој ќе се утврдат износите на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите за програмите за престој и начинот на пресметка за истите на месечно ниво;
5. Предлог Одлуката стапува на сила со денот на донесување од страна на Управниот одбор, а по усвојувањето на истата од страна на Советот на Општина Велес ќе започне да се применува од 01.02.2026 година.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Цените на услугите што ги дава јавната установа за деца основана од општината и износот на надоместок на трошоците за престој во јавната установа за деца што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги, ги утврдува советот на основачот на предлог на управниот одбор на јавната установа за деца. Цената за престој и згрижување на деца во Јавната установа за деца – градинка не е променета од 2004 година. Последната промена на износот на надоместокот е од 2004 година со

донесување на Правилник за измена на правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава јавната установа за деца – детска градинка каде износот за престој на деца во градинка што паѓа на трошок на родителите е утврден на **1.490,00** денари (Сл. Весник на РМ бр. 778/04), односно повеќе од дваесет години е задржана на исто ниво, и покрај значителните промени во економските и социјалните услови во државата. Во изминатиот период се забележува континуиран раст на трошоците за работа, и тоа особено во делот на: цените на прехранбените производи и средствата за подготовка на оброци, комуналните трошоци (електрична енергија, вода, греење), материјалите за хигиена, дезинфекција и одржување, трошоците за тековно и инвестициско одржување на објектите и генерално трошоците за безбедна средина за престој. Дополнително, во меѓувреме се воведени повисоки стандарди за безбедност, здравствена заштита, хигиена и квалитет на исхрана, што неминовно предизвикува разлика во финансиските обврски за установата. Задржувањето на истата цена од 2004 година го ограничува одржувањето на квалитетна и безбедна услуга за децата. Со предложеното зголемување на цената се обезбедува: финансиска одржливост на установата, континуирано обезбедување квалитетна исхрана и грижа за децата, подобрување на условите за престој и работа и усогласување на цената на услугата со реалните економски услови. Предложеното зголемување е умерено, оправдано и неопходно, со цел да се унапреди квалитетот на услугите и функционирањето на јавната установа за деца – детска градинка.

УПРАВЕН ОДБОР
на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев"-Велес

Претседател на УО

Тања Ангеловска